Во врска Вашето барање за доставување на податоци за електронски комуникациски мрежи за изработка на **Проект за инфраструктура за магистрален вреловод споен вод, ТО Исток-11-ти Октомври,општина К.Вода**, во прилог ви го доставуваме Изводот од Електронскиот регистар на изградени јавни електронски комуникациски мрежи, со податоци што во моментов ги поседува Агенцијата за електронски комуникации - во електронска форма.

Прилог:
-Изводи од Електронскиот регистар - во електронска форма.

Изработиле:Б.Тодоровски/Ј.Србиновски
12.11.2014 год.
Рак.на сектор: Петар Иваноски
Советник:Горан Колевски
Шеф на кабинет:Елизабета Двојакова

Директор,
Роберт Орданоски

АЕК-751-801.03

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA REPUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, numer 1201 – 3519/2
Дата, data 10 -11- 2014
СКОПЈЕ-SHKUP

ВОДОВОД СКОПЈЕ

SGS SGS

До: БИЛД Д.О.О.Е.Л.
Извоз – Увоз Скопје
бул.: 8 ми Септември
(Сала Борис Трајковски)
1000 Скопје
Предмет: Одговор на барање
1201 – 3519/2
Дата: 07.11.2014 год

Почитувани,

Во врска со Вашето барање од 11.2014 год. заведено во нашата архива со бр.1201-3519/3119 од 06.11.2014 год. Ви доставуваме графички приказ на нашата постоечка хидротехничка инфраструктура потребна за изработка на Проект за инфраструктура за магистрален врелевод споен вод. ТО Исток- 11ти Октомври,општина Кисела Вода , во М=1:1000. Нашата постоечка хидротехничка инфраструктура Ви ја доставуваме и во електронска форма.

Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации" на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60 м. односно 1.00 м. од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикалното растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.

Минимално растојание при лоцирање на градежен објект од магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од ф 500мм, а предвиден со ГУП на град Скопје-водоводен и канализационен систем да изнесува 5.0 м. и растојание од градежен објект до магистрален водовод над ф500 мм да изнесува 6.0 м.

Со почит,

Изработил: М-р Хариклија Порчу дипл.геод.инж
д.и.а .Виолета Ивановска
Контролирал: М-р. Марјанчо Митовски дипл.град.инж.
Одобрил: дипл.град.инж Борис Начков

„ЈП Водовод и канализација" – Скопје
В.Д. Директор

М-р. Бојан Василевски

Доставено до :
- Именуваниот
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

ВИК-751-403:05

ул. Ѓуро Стругар 5, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: (02) 3220 839 ; 3240 300 ; факс (02) 3240 304
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Ж.Т.О. СКОПЈЕ

К.о. Кисела Е

ТО ПЛАНФИКАЦИЈА

ЛЕГЕНДА M=1:1000

Постоечка водоводна мрежа

Постоечка фек. кан. мрежа

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ИНФРАСТРУКТУРА

NDËRMARRJA PUBLIKE
HEKURUDHAT E MAQEDONISË
INFRASTRUKTURA

Бр.1401/1

Датум. 17.11.2014год

ДО

БИЛД Д.О.О.Е.Л. Извоз-Увоз Скопје

Бул. 8-ми Септември бр.13

1000 Скопје

Предмет: Информации и податоци

Во врска со Вашето писмо бр.263/14 од 11.2014 год со кое барате информации и податоци за наши инфраструктурни објекти во планскиот опфат за изготвување на **Проект за инфраструктура за магистрален вреловод споен вод, ТО Исток-11ти Октомври, општина Кисела Вода** ЈП МЖ Инфраструктура Скопје Ве известува следно:

Врз основа на приложениот графички прилог, констатирано е дека предметниот магистрален вреловод се наоѓа во рамките на **ДУП реон J, четврт J12** за кој со акт бр.1445/1 од 14.09.2013 год позитивно сме се изјасниле кон барањето на општина Кисела Вода. Следствено, немаме забелешки на предложената локација на овој инфраструктурен објект по однос на заштитниот појас кон пругата Скопје-Велес..

Со почит:

Директор:
Irfan Asani

Изработил. Љ. Арсов
Контролирал. М. Тилик
Согласен. В. Трајковски

Ул. „Јордан Мијалков" Бр. 50б 1000 Скопје | Rr. "Jordan Mijallkov" Nr. 50b 1000 Shkup | П. Фах. | Fahu Postal: 543
Централа | Centrali: +389 2 3 227 903 • Факс | Faks: +389 2 2 462 330 | www.mzi.mk • e-mail: info@mzi.mk

Македонски Телеком АД - Скопје
„Кеј 13-ти Ноември" бр.б, 1000 Скопје
арх. бр: 19-272042/2
дата: 20 -11- 2014

Друштво за производство услуги и промет
„БИЛД" дооел експорт-импорт
бул.„8^ми Септември" бр.13, (спортска сала Борис Трајковски), 1000 Скопје

Ваше упатување: Барање
Наше контакт лице: Перо Ѓорѓевски, Дафина Тодоровска
Телефон: +389 2 3242 878, 071 200 711
Датум: 17.11.2014 година
Во врска со: Известување за постојни подземни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање број 263/14 од 07.11.2014 година, заведено во архивата на „Македонски Телеком" АД Скопје со архивски број 195-272042/1 од 07.11.2014 година, со кое барате податоци за постојните подземни тк инсталации за изработка на проект за инфраструктура за магистрален вреловод споен вод, „ТО Исток - 11ти Октомври", Општина Кисела Вода, Ве известуваме дека во границата на наведениот плански опфат има постојни подземни тк инсталации. Бараните информации Ви ги доставуваме во електронска форма на CD.
Ова известување важи 6 (шест) месеци од денот на издавањето.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да преземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: CD со вцртани постојни подземни тк инсталации
Со почит,

Служба за развој на OSS
и управување со мрежни ресурси
Раководител

Николче Тасевски

Сектор за развој на мрежи
Директор

Лазар Јовчев

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје

Македонски Телеком АД - Скопје
Адреса „Кеј 13-ти Ноември" бр.б, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2
3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660
ISO 9001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Бр. 02-6232/1
13.11 2014 год.
СКОПЈЕ

Максим Горки бр.4, 1000 Скопје

T: кабинет на Генерален директор
+ 389 (0)2 3 149 811

подружница ОЕС
+ 389 (0)2 3 149 814

подружница ОПМ
+ 389 (0)2 3 149 813

подружница ОПЕЕ
+ 389 (0)2 3 149 815

0: + 389 (0)2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

БИЛД Д.О.О.Е.Л

Бул.8-ми Септември бр.13

(спортска сала Борис Трајковски,кат-2)

1000 Скопје

Предмет: Податоци за постојни и планирани 110 kV и 400 kV објекти

Врз основа на Вашето барање бр: 263/14 од ноември 2014 год., наш број 02/6232 за податоци потребни за изготвување на Урбанистички план за Проект за инфраструктура за магистрален врелевод споен вод, ТО Исток-11ти Октомври во Општина Кисела Вода, Ве известуваме дека наши постојни и планирани 110 kV и 400 kV објекти не се вкрстуваат со горе наведениот Урбанистички план.

Изработил: Александар Костевски
Одобрил: Климент Наумоски

Генерален директор
м-р Синиша Спасов, дипл.маш.инж.

СКОПЈЕ

КО: - Генерален директор
- Служба за стратешко планирање и развојни анализи
- Архива

Република Македонија
Министерство за одбрана

Број 1811-11/754
Датум 13.11. 2014 год.

БИЛД дооел
Булевар 8- Септември бр.13
1000 Скопје

Министерство за одбрана
на Република Македонија

Сектор за недвижности и услуги
- Одделение за градежно обезбедување

бул. „Св. Климент Охридски" бр.15
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 328 2555
Факс: (02) 328 2572
Сајт: www.morm.gov.mk

Предмет: Одговор на барање, доставува;-
Врска: Ваш акт бр.263/14 од 11.11.2014 година

Почитувани,

Во врска со горе наведеното Ваше барање, со прилог ситуација, Министерството за одбрана на Република Македонија - Сектор за недвижности и услуги - Одделение за градежно обезбедување од Скопје, ја дава следната

П О Т В Р Д А

На локацијата, вцртана во ситуација според Вашето барање за постоечки подземни инсталации за потребите за изготвување на Проект за инфраструктура за магистрален вреловод споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода на вцртаната траса, НЕМА подземни инсталации (телефонски или оптички кабел) со кои располага Министерството за одбрана на Република Македонија..

Со почит,

Изработил: Александар Аџиовски
Одобрил: Михајло Дрангоски

СЕКТОР ЗА НЕДВИЖНОСТИ И УСЛУГИ
Раководител
Љубиша Тадиковски

Доставено до
1. Архив
2. Изработил
3. Архива

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 11-11146/2
Дата: 18.11.2014

До: БИЛД Д.О.О.Е.Л - Скопје
Бул. 8-ми Септември бр. 13
1000 Скопје

Предмет: Известување
Врска: *Ваш број 263/14*

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: info.ekog@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Почитувани,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-11146/1 од 06.11.2014 година, кој се однесува на барање податоци и информации поради потребата од изработка на урбанистички план: "Проект за инфраструктура за магистрален врелоовод споен вод, ТО Исток - 11 ти Октомври", Општина Кисела Вода, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, како надлежен орган за вршење на стручни работи од областа на заштита на природата, Ве известува за следното:

Врз основа на извршената идентификација на просторот и согласно Секторска Студија за заштита на природното наследство, изготвена за потребите на Просторниот план на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр.39/04), просторот на предметниот плански опфат не влегува во граници на заштитено подрачје и истиот не опфаќа локалитети со значајна биолошка разновидност.
Имајќи го во предвид горенаведеното и фактот дека планскиот опфат на проектот е лоциран во урбана средина, од аспект на заштитата на природното наследство немаме забелешки по однос на предметниот случај.

Со почит,

МИНИСТЕР
Nuhi Izairi

Изготвил: Роска Н. Вукојевиќ
Контролирал: м-р Сашко Јорданов
Согласен: м-р Блатко Трпески

Одобрил: Игор Трајковски
Директор на Управа за животна средина

Република Македонија
Агенција за катастар на недвижности

До: Друштво за дистрибуција на топлинска енергија
„БАЛКАН ЕНЕРЏИ" ДООЕЛ Скопје
ул. Лондонска бр.8
1000 Скопје
– за Управителот, г – а Александра Маројевиќ

Бр. 09-15714/2
Дата: 16-09-2014
Скопје

Република Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Трифун Хаџи Јанев бр.4
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3204 800
Факс: (02) 3171 668
E-mail: info@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

ПРЕДМЕТ: Известување за согласност

Врска: Ваш бр. 03-3075/1 од 27.08.2014 год.
Наш бр. 09-15714/1 од 01.09.2014 год.

Почитувани,

До Агенцијата за катастар на недвижности доставивте барање за издавање согласност, која се однесува на усогласеност на катастарските планови на Агенцијата за катастар на недвижности, со Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за магистрален преловод – споен вод ТО исток – 11 Октомври, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода, изработен од Друштво за производство, услуги и промет „БИЛД" ДООЕЛ Скопје со технички број 263/14 од јули 2014 година, врз основа на член 29-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 163/2013).

По извршениот увид во доставената документација, ве известуваме за следното:

Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за КО Кисела Вода 1, изработен од Друштво за трговија, градежништво, проектирање и катастарски услуги „Гео Премер КАТ" ДООЕЛ Скопје, со деловоден број 1407-597/3 од 31.07.2014 година, е изработен во согласност со Правилникот за геодетски работи за посебни намени („Службен весник на Република Македонија" бр.159/13). При изработката на ажурираната геодетска подлога се почитувани одредбите од Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.121/13) и Правилникот за геодетски работи за посебни намени („Службен весник на Република Македонија" бр.159/13). Сакаме да укажеме на фактот дека согласно член 110 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13), овластениот геодет е должен геодетските работи да ги врши согласно со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него, како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка.

Од напред наведените причини, Агенцијата за катастар на недвижности ве известува дека се исполнети условите за издавање на согласноста.

Со почит,

ДИРЕКТОР

Славче Трпески

Изработил: Елена Везенкова, раководител на одделение
Контролирал и Одобрил:
Елизабета Дукадиновска Анастасовска, раководител на сектор
Сања Волканова Златановска, државен советник

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија
ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЦИ ДООЕЛ Скопје
ул „Лондонска“ 8, 1000 Скопје, Поштенски фах 15
Република Македонија
тел 02/5514 026, факс 02/5514 040, e-mail: contact@beg-distribucija.com.mk

До
Друштво за производство, услуги и промет БИЛД ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
1000 Скопје, Република Македонија

ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА
БАЛКАН ЕНЕРЦИ ДООЕЛ
Бр. 03-3819
21.10 2014 год.

21.10.2014 година, Скопје

Предмет: Доставување на документи

За Ваше понатамошно постапување, Ви доставуваме:
- Елаборат за заштита на животната средина за изградба на магистрален вреловод (шифра на водот: С1.020.180) споен вреловод ТО Исток-КО 11 Октомври изработен од ЕМПИРИА ЕМС бр.11-6497/1-2014 (оригинал)
- Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина бр.11-6497/2 од 02.07.2014 година (копија)

Однапред благодариме на Вашето разбирање и соработка.

Со почит,

Управител
Александар Тасевски

ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЦИ ДООЕЛ Скопје

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија
ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЦИ ДООЕЛ Скопје
ул „Лондонска“ 8, 1000 Скопје, Поштенски фах 15
Република Македонија
тел 02/5514 026, факс 02/5514 040, e-mail: contact@beg-distribucija.com.mk

Агенција за катастар на недвижности

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија
ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА
БАЛКАН ЕНЕРЦИ ДООЕЛ
Бр. 03-3075
27.08.2014 год.
Скопје

Датум: 27.08.2014

01-09-2014
09-1571/1

Предмет: Барање за издавање согласност

Почитувани,

заради отпочната постапка за изработка на

Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за магистрален вреловод /споен вод ТО исток-11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје со тех.бр. 263/14

а согласно член 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник бр.163/13)

Ќе Ве молиме да ни издадете СОГЛАСНОСТ за усогласеност на урбанистичките планови со катастарските подлоги од Агенцијата за катастар на недвижности.

Лица за контакт:
- Александар, моб.: 070245902
- Илина, моб.: 078324550

Прилози:
- Ажурирана геодетка подлога
- Синтезен план

Со почит,

Александра Маројевиќ
Управител

Република
Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Илинден" бр.9
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: (02) 3251 400
Факс: (02) 3229 163
E-mail:

Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект: Изградба на магистрален вреловодшифра на водот: С1.020.180) лоциран во Населба 11-ти Октомври во Општина Кисела Вода Скопје, за потребите на операторот "Балкан Енерџи" ДООЕЛ од Скопје.

Активностите за изградба на нов магистрален вреловод ќе се спроведат на опфат од ТО Исток-КО 11 Октомври лоциран во Населба 11-ти Октомври, Општина Кисела Вода Скопје. Вкупната должина на вреловодот е 1020м.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изработен од страна на консултантска фирма "ЕМПИРИА ЕМС" ДООЕЛ од Скопје, е составен од текстуален дел и графички прилози, анализирани се сите неопходни компоненти, изворите и видовите на можни дегадации и загадувања врз основа на што се димензионирани и дефинирани мерките за заштита на основните медиуми. Според наша оценка, проектираните заштитни мерки се апликативни и во целост ќе ги задоволат основните барања.

Правна поука: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до министерот за животна средина и просторно планирање.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР
Игор Трајковски

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

11-6497/2
02. 07. 2014

Република
Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Ул. ТретаDerven бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс (02) 3225 168
E-mail:
info@moepp.gov.mk

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013 и 42/2014), Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

РЕШЕНИЕ
За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборатот за заштита на животната средина од Јуни 2014 година изработен од страна на консултантска фирма "ЕМПИРИА ЕМС" ДООЕЛ, за проект: Изградба на магистрален вреловодшифра на водот: С1(020.180) лоциран во Населба 11-ти Октомври, Општина Кисела Вода-Скопје, за потребите на операторот Дистрибуција на топлина "Балкан Енерџи" ДООЕЛ од Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изградба на магистрален вреловодшифра на водот: С1(020.180) инсталација за дистрибуција на топлинска енергија лоциран во Населба 11-ти Октомври, Општина Кисела Вода-Скопје, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија доколку низ работата на објектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

3.1.Текстуален дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Постапка за изготвување на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за магистрален вреловод-споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје, е покрената на иницијатива на Дистрибуција на топлина, Балкан енерџи дооел, Скопје. Основна цел за изработка на инфраструктурниот проект е намената и содржината на површините, од планираниот развој на просторот, а е добиена според постојниот Детален Урбанистички План за тој дел од просторот, усогласен со моменталната постојна состојба, а се во границите на регулационата линија дадена со Генералниот Урбанистички План за град Скопје.

Според член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) Проектот за инфраструктурата содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи (шахти, бунари, мерни станици, потпорни ѕидови, мостови, вијадукти, пропусти, натпатниии, подпатниии, тунели, клучки и друго) во текстуален дел и графички прилози и ја прикажува трасата на инфраструктурата и истиот се изработува врз основа на извод од Просторен план или услови за планирање на просторот или извод од урбанистичките планови од членот 7 точка 2 на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Користејќи ја ажурираната геодетска подлога изработена од овластена фирма Друштво за трговија, градежништво, проектирање и катастарски услугиГео Премер КАТ, Дооел Скопје, изработивме Проект за инфраструктура согласно Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.весник на РМ бр.78/06) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 78/06, 63/12, 95/13, 167/13 и 37/14).

Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на Планот. Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост па се до можностите за понатамошно користење на просторот.

Документационата основа е изработена врз основа на:

- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма;
- Теренско снимање на просторот (градежен фонд и население) од страна на стручна екипа на извршителот (состојба 2014 година);
- Податоци добиени од комуналните служби;
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Постојна урбанистичка документација.

Документационата основа содржи:

- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комунална инфраструктура;
- Анализа на досегашната урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој.

3.2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина

Со Проектот за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за магистрален вреловод – споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје, ќе се постигне можност за проширување на вреловодната топлификациона мрежа за централно греење и во овој дел од градот. Трасата на вреловодот е проектирана да се движи долж булеварот предвиден со ДУП за тој дел од просторот усогласен со моменталната постојна состојба, а се во границите на регулационата линија дадена со Генералниот Урбанистички План за Град Скопје.

Границата на планскиот опфат е долга 1020м' и формира површина од 0,30ха (3049м²). Територијата на предметниот локалитет како крајни точики ги има следните координати:

нај	x	y
северна	536915.0086	649144.0215
источна	537550.796	648578.7508
јужна	537540.505	648561.6469
западна	536883.4301	649136.0165

Границата на планскиот опфатот е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка, од 1 до 81 претставени табеларно:

N	X	Y
1	537540.505	648561.6469
2	537550.796	648578.7508
3	537481.834	648624.8653
4	537497.2051	648648.5872
5	537476.2943	648661.254
6	537424.3467	648692.7214
7	537351.4884	648736.8557
8	537355.2569	648744.2727
9	537319.9574	648767.1259
10	537296.3699	648782.3966
11	537251.6392	648811.5031
12	537209.312	648843.1678
13	537204.6905	648836.8301
14	537172.2532	648867.9702
15	537163.3491	648876.4616
16	537157.7418	648881.807
17	537149.6403	648889.53
18	537139.4894	648899.6277
19	537121.1474	648917.8737
20	537096.6091	648942.2835
21	537104.3552	648949.8204
22	537077.9479	648978.5123
23	537065.5994	648991.9291
24	537037.8109	649022.1215
25	537029.3721	649014.014
26	537005.668	649038.6224
27	536970.1902	649071.8228
28	536984.0356	649087.3439
29	536965.6208	649102.4641
30	536957.7214	649108.9503
31	536952.114	649113.5544
32	536932.7232	649129.4761
33	536915.0086	649144.0215
34	536902.6697	649124.881
35	536885.1624	649138.4593
36	536883.4301	649136.0165
37	536903.4158	649120.5015
38	536915.7275	649139.5998
39	536932.0102	649126.5439
40	536944.6557	649116.4016

41	536950.7786	649111.2929
42	536963.5949	649100.5996
43	536979.7398	649087.0348
44	536966.0015	649071.6338
45	536979.9637	649058.5649
46	537003.6399	649036.4036
47	537029.29	649009.7749
48	537037.6792	649017.8347
49	537064.6593	648988.5205
50	537071.0051	648981.6257
51	537082.7224	648968.8948
52	537100.1718	648949.9357
53	537092.3315	648942.3072
54	537133.1856	648901.667
55	537137.9327	648896.9447
56	537147.5472	648887.3806
57	537156.4064	648878.8986
58	537205.0908	648832.2873
59	537209.9466	648838.9464
60	537240.5516	648816.0511
61	537249.9198	648809.0429
62	537289.4272	648783.3176
63	537292.2038	648781.5201
64	537317.1929	648765.3418
65	537351.3584	648743.2228
66	537347.5525	648735.7324
67	537395.8747	648706.461
68	537402.8174	648702.2554
69	537409.6301	648698.1286
70	537414.0625	648695.4437
71	537420.2792	648691.6779
72	537474.7671	648658.6716
73	537493.0058	648647.6234
74	537477.7084	648624.0151
75	537511.8133	648601.2094
76	537528.8027	648589.8487
77	537525.4281	648584.7205
78	537534.2913	648578.8881
79	537537.6227	648583.9508
80	537546.7509	648577.8468
81	537537.9344	648563.1935

Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 3049м².

3.3.Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

Согласно Договорот склучен помеѓу инвеститорот "Дистрибуција на топлина Балкан енерџи" дооел-Скопје и „Билд" дооел-Скопје, како Изготвувач, пристапено е кон изготвување на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за магистрален врелоовод – споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје.

Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба магистрален врелоовод – споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје е третирана во:

- Детален урбанистички план РЕОН Ј, Четврт Ј12, општина Кисела Вода, Скопје 2013-2018год.
- Изменување и дополнување на дел од ДУП за МЗ "Цветан Димов-Славија" (блокови 1,2,3,4,5,7,8 и 10)

Проектот за инфраструктура е изработен во согласност со одобрениот:

- Основен проект за магистрален врелоовод - споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје, изработен од Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи дооел Скопје.

Проектот за инфраструктура е изработен согласно одредбите и параметрите на ГУП на Град Скопје 2012-2022, Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.Весник на РМ бр. 78/06) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 78/06, 63/12, 95/13, 167/13 и 37/14). Согласно член 5, став 22 од Законот пристапено е кон изработување на Проект за инфраструктура. Проектот е изработен согласно деталните урбанистички планови, генералниот урбанистички план и проектната програма од инвеститорот.

3.4. Природни чинители на опфатот

3.4.1.Микроклима

Карактеристиките на микро климата за овој локалитет е исто како и за целиот град Скопје, односно комбинација на континентална и медитеранска клима.

Средната повеќегодишна температура на воздухот во Скопје изнесува 12.4о С. Средните минимални температури на воздухот во градот Скопје варираат во границите помегу - 3.6о С во месец јануари до 14.8о С. Средната годишна минимална температура на воздухот изнесува 6.0о С и варира помегу 5.2о С во 1985 година до 6.8о С во 1972 година. Средната максимална температура на воздухот е во границите помеѓу 3.8о С во најстудениот месец (јануари) и 30.0о С во најтоплиот месец (август). Средната годишна максимална температура на воздухот изнесува 17.4о С и варира помегу 17.0о С во 1973 година до 19.5о С во 1977 година.

Просечниот датум со пролетен мраз во Скопската Котлина се движи во границите помегу 8 до 13 април. Просечната дата на првиот есенски мраз се движи во границите помегу 22 и 26 октомври.

Од годишната ружа на зачестености и средните брзини на ветровите предлогани според анемографски мерења од главната метеоролошка станица Скопје - Зајчев Рид, се забележува дека најзачестена насока е западната со 180 ‰, потоа запад-југозападната (WSW) со 123 ‰ и на крајот од северозападната (NW) со 120 ‰

Годишната сума на врнежите се движи помегу 500 и 600 мм. Врнежите од снег во градот Скопје и Скопската Котлина се вообичаена појава во периодот од ноември до месец март. Во тој период просечно годишно се јавуваат помегу 4 дена во 1979 година, 7 дена во 1989 година до 32 дена во 1981 година со врнежи од снег.

Релативната влажност на воздухот на ова подрачје изнесува 65-70% што е знак на суво време, а релативната влажност од 50% е показател на многу суво време.

Големата облачност го спречува осончувањето и земјината радијација, и со тоа се спречува дневно колебање на температурата.

Средната месечна облачност во летните месеци (јули, август) т.е. стабилност на облачност изнесува 28 – 320.

Скопската Котлина е специфично подрачје со појавата на магли и температурни инверзии како и зголемена загаденост на воздухот при такви состојби на времето.

3.4.2. Релјефни карактеристики

Локалитетот се наоѓа на релативно рамен терен со мала денивелација, теренот .

3.4.3. Сеизмика на просторот

Според инженериско-геолошките услови теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации во природни услови, или при делувањето на човекот. Според досега набљудуваните земјотреси во 1963 година е регистриран епицентар со интензитет над 60 по МЦС скалата и длабочина на жариштето од 10 км. Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација е изложена на потреси над 90 по МЦС скалата. Генерално гледано терените со плиоценски седименти се поволни за градба со тоа што е исклучена можноста за појава на катастрофални земјотреси за експлоатациониот век на објектите.

3.4.5. Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат

Во рамки на границите на опфатот на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба магистрален врелоовод – споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје не постои изграден градежен фонд, односно просторот е со намена Е1- комунална инфраструктура.

Од анализата на постојната состојба произлегуваат следните заклучоци:

За просторот е потребно да се постигне повисок стандард во однос на:

- Обезбедување простор за вршење на земјените работи, кои е потребно да се извдуваат во склад со општоважечките препораки и норми кои важат за нискоградба;

- Цевководите треба да се постават во земја т.е ров со димензии, пресметани и зависно од надворешниот пречник на предизолираната евка и најмалото растојание помеѓу цевките(дадено во детал за канал);
- На местата во зона на дилатацијата Л, З и П ширината и длабината на ровот се проширува, според приложениот цртеж;
- Дното на ровот мора по целата должина да биде способно да го издржи оптоварувањето како од цевководот така и од самиот материјал за насипување;
- Нивелирањето на ровот и цевководот да се изведе така да може да се обезбеди неговото празнење при дефект на мрежата;
- Фиксните потпори се вградуваат во бетонски блокови, вградени на цврста подлога;
- Доколку при поставување на вреловодот, трасата се пресекува со други инфраструктурни инсталации (водовод, канализација, ПТТ кабли и др.), потребно е да се запазат пропишаните меѓусебни растојанија;
- Пред посипување на почетниот слој песок трасата на цевоводот мора да биде одобрена од надзорниот орган на изградба на вреловодот.

Основна цел за изработка на инфраструктурниот проект е проширувањето на вреловодниот систем за опслужување и на овој дел од градот со централно греење.

3.4.6. Инвентаризација на изграденият градежен фонд и вкупната физичка супраструктура

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.

Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на директен увид на теренот. При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден. Вкупната должина на вреловодот е 1020м. Трасата на истиот е проектирана да се движи долж булеварот предвиден со ДУП за овој регион. Долж трасата направени се соодветни прекршувања (7) за да се овозможи природна дилатација на системот.

Прекршувањата се проектирани на места каде постојат препреки (куќи, зграда, игралиште, нерешени имотно правни односи и др.)

На геодетската подлога, ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

Предметниот плански опфат е со површина од 3049 м².

3.4.7.Намена на просторот и градежен фонд

Предметниот плански опфат е со површина од 3049 м^2 со намена Е1-комунална инфраструктура.

површина на плански опфат	намена на површини		%
	неизградено земјиште	НЗ	
3049			100.00%

3.4.7.1. Билансни показатели

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
документациона основа			
НАМЕНА НА ПОВРШИНИ		намена на површини	процент
	шифра	м2	%
НЗ-Неизградено земјиште	НЗ	3049	100.00%

3.4.8.Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно – историско значење и културни предели

Во рамките на овој опфат не се забележани постојни споменични целини или градби од културно-историско значење.

3.4.9.Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

3.4.9.1. Сообраќај

Предметниот плански опфат зафаќа дел од централното градско подрачје кое има изграден постоен сообраќаен коридор односно трасата е долга 1020м и е проектирана да се движи долж булеварот “Македонија” предвиден со ДУП-от за тој регион.

3.4.9.2. Комунална инфраструктура

Во рамките на границите на зафатот опфатен со Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба магистрален вреловод – споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје према податоците добиени од надлежните претпријатија има изградено инфраструктура која е прикажана на графичките прилози.

3.4.10. Инвентаризација на бесправно изградени градби

Во границите на планскиот опфат за кој се работи предметната планска документација нема објекти кои се изведени како бесправна градба, односно градби без соодветна техничка документација. Согласно член 14 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), во тие градежни парцели не се утврдуваат услови за идна градба, освен за градби за кои согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти е донесено решение за утврдување на правен статус.

3.4.11. Анализа и можности за просторен развој

Од анализата на постојната документација и просторните можности на локалитетот произлегуваат можности за реализација на потребните програмски содржини и можност за добар просторен развој на Републиката. Основната стратешка определба е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседите и останатите европски земји.

Према заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките дадени со ГУП на Град Скопје, можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

- рационално искористување на градежното земјиште;
- решавање на системот за централно греење на ниво на целиот град;

Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба магистрален вреловод – споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти).

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

3.4.11.1. Заклучок од аналитичко-истражувачкиот дел

Како резултат на аналитичко истражувачкиот процес на постојната состојба, констатирано е следното:

Вкупна површина на предметниот плански опфат изнесува 3049м². Просторот во предметниот плански опфат е предвиден да биде земјиште градежно зафатено со сообраќајна инфраструктура .

Просторот во предметниот плански опфат е ангажиран за:

површина на плански опфат	намена на површини		%
	неизградено земјиште	НЗ	
3049			100.00%

Од анализата на постојната состојба произлегува:

- Постојната состојба на подрачјето од аспект на природните карактеристики, географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатски, хидрографски, историски, демографски, економски и стопански, нема да претпат промени со изградбата на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба магистрален вреловод – споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје .

3.4.11.2. Извод од план од повисоко ниво

За предметниот локалитет како показател користени се одредбите од:

- Генералан урбанистички план за Град Скопје 2012-2022

И следниот Детални урбанистички планови:

- Детален урбанистички план РЕОН J, Четврт J12, општина Кисела Вода, Скопје 2013-2018год.

Проектот за инфраструктура е изработен во согласност со одобрениот:

- Основен проект за магистрален вреловод - споен вод ТО Исток – 11 Октомври, Општина Кисела Вода, Скопје, изработен од Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи дооел Скопје.

Проектот за инфраструктура е изработен согласно одредбите и параметрите на ГУП на Град Скопје 2012-2022, Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл.Весник на РМ бр. 78/06) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр78/06, 63/12, 95/13, 167/13 и 37/14). Согласно член 5, став 22 од Законот пристапено е кон изработување на Проект за инфраструктура. Проектот е изработен согласно деталните урбанистички планови, генералниот урбабнистички план и проектната програма од инвеститорот.

3.2. Графички дел
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.**Извод од ДУП**

10. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Основа за изработка општи и посебни услови за просторен развој е Правилникот за јавниска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на Р.М. број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл. Весник на Р.М. број 63/12, 126/12). Планската програма, како и специфичноста на планскиот концепт во рељефни услови и планските барања.

10.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Член 1

1) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се најдирективниот и најнормативниот дел од планот со кој се остварува принципот на нормативна субординација на Генералниот урбанистички план во деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува.
2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштетои градбите за спроведување на планот се состојат исклучиво од планските услови со правно дејство кои се формулирани на номотетички, нормативен, експлицитен, логичен и непротивречен начин.
3) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат од плански услови со кои се дефинираат сите просторнофизички параметри на планираните супра и инфраструктури, како и сите услови за градење и начини на употреба на земјиштето и градбите.
4) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план ги содржат интегрирани планските услови од текстуалниот, нумеричкиот и графичкиот дел од Генералниот урбанистички план со директивно планерско и правно дејство.

Член 2

1) Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се состојат од општи и посебни услови.
2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на целата територија на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план и на начинот на формулирање на планските услови , нивното читање, толкување и правно дејство.
3) Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на територите на поединачните урбанистички единици на градежно земјиште на кои е поделен планскиот опфат на Генералниот урбанистички план со кои ќе се спроведува Генералниот урбанистички план.

Член 3

Во графичкиот дел од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се презентирани формираните граници на единици на градежно земјиште за спроведување на Генералниот урбанистички план. Границата на детално планирање е граница на четврт.

Член 4

1) Посебните услови за спроведување на планот се плански услови кои имаат императивно правно дејство, распоредени според планерските просторни единици утврдени во Генералниот урбанистички план и се однесуваат за секоја единица на градежно земјиште посебно.
2) Посебните услови за спроведување на планот претставуваат инструмент за просторна дистрибуција на планските услови од Генералниот урбанистички план во планерските просторни единици со кои Генералниот урбанистички план треба да се спроведува.
3) Графичките делови од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се изработени во размер 1 : 5 000.

успешно, квалитетно и ажурно спроведување на Генералниот урбанистички план, кое се детализираат на ниво на четврт.

ПЛАНСКИ ОПФАТ

Член 40

Границата на планскиот опфат Скопје, Радишани и Драчево вкупно е долга 93890.79м^1 и формира површина од 8790.045ха.(87900457.144м^2). Територијата на предметниот локалитет како крајни точки ги има следните координати:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ – ГУП СКОПЈЕ

ПОВРШИНА - 87900457.144m^2
ПЕРИМЕТАР - 93890.79m^1

ОПФАТ	ПОВРШИНА (m^2)	ПЕРИМЕТАР (m^1)
1. СКОПЈЕ	86801797.748	83448.728
2. РАДИШАНИ	907213.519	5089.259
3. ДРАЧЕВО	1191445.877	5352.803
ВКУПНО:	**87900457.144**	**93890.79**

ГРАНИЦИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - СКОПЈЕ

Нас	X	Y
Северна	534730.265	4656651.491
Источна	544780.899	4649835.148
Јужна	541018.476	4645305.714
Западна	525288.645	4649721.959

Границата на планскиот опфат е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка и паците, од 1 до 2725 претставени табеларно

ПОВРШИНА 85801797.748m²

ДОЛЖИНА (ПЕРИМЕТАР) 83448.728m'

Бор.	X	Y
1.	537958.516	4653781.182
Лак 1 испупченост: 0.000		
Центар: 1348702.289, -31273.951		
Радиус: 4754686.852		
почетен агол: 99, завршен агол: 99		
2.	538127.643	4653810.446
Лак 2 испупченост: -0.059		
Центар: 538186.266, 4653535.714		
Радиус: 280.916		
почетен агол: 102, завршен агол: 98		
3.	538193.251	4653816.544
Лак 3 испупченост: 0.000		
Центар: 537530.408, 4506803.389		
Радиус: 147214.647		
почетен агол: 89, завршен агол: 89		
4.	538348.856	4653815.761
Лак 4 испупченост: 0.000		
Центар: 542690.694, 5494013.738		
Радиус: 840209.196		
почетен агол: 269, завршен агол: 269		
5.	538578.188	4653814.607
Лак 7 испупченост: 0.011		
Центар: 538600.052, 4654601.445		
Радиус: 787.142		
почетен агол: 268, завршен агол: 271		
6.	538613.996	4653814.427
Лак 6 испупченост: 0.217		
Центар: 538520.494, 4653873.742		
Радиус: 99.670		
почетен агол: 253, завршен агол: 312		
7.	538660.935	4653829.867
Лак 7 испупченост: 0.111		
Центар: 538593.689 4653892.291		
Радиус: 91.754		
почетен агол: 317, завршен агол: 342		
8	538681.176	4653864.635
Лак 8 испупченост: 0.000		
Центар: 802006.428, 4526036.368		
Радиус: 69170.463		
почетен агол: 166, завршен агол: 156		
9.	538699.285	4653906.806
Лак 9 испупченост: -0.055		
Центар: 538932.726, 4653809.020		
Радиус: 252.709		
почетен агол: 157, завршен агол: 144		
10	538726.070	4653954.469
Лак 10 испупченост: -0.001		
Центар: 543179.328, 4651179.576		
Радиус: 5247.050		
почетен агол: 148, завршен агол: 147		
11	538734.372	4653967.749

2) Граници на плански опфати на деталните урбанистички планови се совпаѓаат со осовините на примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, осовини на водени текови и др).
3) Граница на плански опфат на детален урбанистички план во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

Член 14

1) Границите на урбаните четврти во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се предаваат со нумеричко одредување на сите прекршни точки на математичката линија на границата според геодетските оски x и y значи со прецизност и во форма во која може директно да се спроведуваат.

Регулациска линија

Член 15

1) Регулациска линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.
2) Регулационата линија претставува линија на разграничување помеѓу носителите на правото на градење, при што кај земјиштето за општа употреба правото за градење секогаш и припаѓа на општествената заедница (општина, град, држава), додека кај парцелираното земјиште правото за градење можат да го имаат сите физички и правни лица од републиката и од странство кои ќе ги исполнат законските услови за тоа.

Член 16

1) Регулационата линија во Генералниот урбанистички план е дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот. По вертикалната рамнина или закривената вертикална површина се протега правната дефиниција на разграничувањето, и тоа над и под котата на теренот колку што е одредено со планот.
2) Со регулационата линија во Генералниот урбанистички план се обележани коридорите на примарната сообраќајна мрежа на улици и
површини за јавна употреба од градско значење – кејови, плоштади, плоштадски и др.
3) Регулационата линија во графичкиот дел од Генералниот урбанистички план е обележана со полна зелена линија со дебелина од 1,0 мм.
4) Регулационите линии во графичкиот дел од Генералниот урбанистички план се предаваат во електронска форма векторски одредени, со нумеричко одредување на сите прекршни точки на регулационата линија според геодетските оски x и y , значи со прецизност и во форма во која може директно да се спроведуваат.

Наменски зони и граници на наменските зони

Член 17

1) Наменета на земјиштето во Генералниот урбанистички план се уредува на ниво на наменска зона во рамките на секоја четврт.
2) Наменска зона е ограничена површина на градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Член 18

1) Границата на наменска зона е линија која го опкружува подрачјето на наменската зона и во Генералниот урбанистички план се обележува со полна црвена линија со дебелина од 1,0 мм.
2) Границите на наменските зони можат но не мораат да се совпаѓаат со другите граници на територијалните единици за планирање, но мораат да се совпаѓаат со регулационите линии во Генералниот урбанистички план.

Член 19

Уредувањето на намената на земјиштето во Генералниот урбанистички план се врши со системот на класи на намени според членовите 25 - 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање; Службен весник на Република Македонија бр.63/12, 126/12).

Член 20

1) Во формирањето на четвртите како единици на градежно земјиште, системот на класи на намени се употребува на следните начини:

1. Кога една намена или класа на намени е единствената и исклучива компонента во четвртта.
2. Кога една намена или класа на намени е доминантна компонента во четвртта, а другите намени се со процентуална застапеност.
3. Кога четвртта не е хомогена од аспект на изородност на намената или класата на намени, туку се формира од повеќе различни намени, класи на намени или групи на класи на намени. Овие четврти се со мешана намена на земјиштето и се формираат со хомогенизација врз основа на начинот на мешање на повеќе компатибилни намени на ист простор - што станува основна карактеристика и именител на зонате на мешана намена.
4. Кога различни намени, класи на намени или групи на класи на намени се утврдени во посебни наменски зони во четвртта.Во планската документација од пониско ниво, некомпатибилните намени оверзно да се издвојат со тампон зони.

2) Означувањето на наменските зони во Генералниот урбанистички план овозможува нивно недвосмислено спроведување, па во графичките прилози План на намена на земјиштето, Синтезен план и Посебните услови за спроведување на планот, комплетната ознака на наменската зона содржи две компоненти на означување:

1. Ознаката на класата на намени,
2. Ознаката на видот на наменската зона според нејзиниот состав.

Член 21

Во Генералниот урбанистички план се предвидуваат зони со сингуларна намена или локации на градби од јавен интерес, во оние случаи кои произлегуваат првенствено од потребата да се заштити стандардот на специфични форми на домување, поради специфични технолошки барања, барања поврзани со заштитата на животната средина или кога станува збор за локации за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Член 22

Утврдувањето на степенот на превладување на една класа на намени во една наменска зона, во Генералниот урбанистички план е непосредно поврзано со карактеристиките на секоја конкретна зона односно со нејзината припадност на секоја конкретна урбанистичка единица на градежно земјиште на просторот.

Член 23

Одредувањето на наменски зони со мешани намени без превладувачка намена, како планска одредба во Генералниот урбанистички план, се користи само во случаи кога со тоа ефикасно се интензивира искористувањето на градежното земјиште како необновлив ресурс, значи во централноградски подрачја или во слични ситуации кога тоа овозможува рационално користење на градското земјиште, енергијата, инфраструктурата, како и за остварување на барањата поврзани со заштитата на животната средина.

Член 24

1) Генералниот урбанистички план го утврдува оптималното учеството на компатибилните намени и класи на намени во мешаните наменските зони, во рамките на процентуално учество во максимален однос од 60/40. Компатибилноста на намените се утврдува на ниво на една градежна парцела во планска документација од пониско ниво согласно правилнички нормираните минимални и максимални вредности на нивното процентуално учество.

До: "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др" ДОО Скопје
Бул. "Борис Трајковски" бр.111, 1000 Скопје
Предмет: 1302-4649/1 од 28.12.2021
Дата: 10.01.2022

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање од 21.12.2021год креирано на страната на е-урбанизам на 25.12.2021 год и заведено под бр.1302-4649/1 од 28.12.2021 год со кое не известувате дека за потребите на изработка на

Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секуднарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и Општина Кисела Вода

со кое всушност **барате достава на податоци и информации** со кои располагаме за предметниот опфат како и податоци за постоечки и планирани инсталации, кои се под наша ингеренција а кои можат да имаат влијание на проектната документација, согласно означената локација на графичкиот прилог која е составен дел од барањето,

- Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате урбанистички проект за инфраструктура и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) преку страната на системот е-урбанистички планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци

Ситуации во М 1: 1000 во pdf формат со прикажани

1. наши постоечки инсталации ,
2. Во фаза на релаизација Ви доставуваме и проектирана водоводна мрежа Ø 250 мм и атмосферска кан.мрежа Ø 500 мм по улица Есенинива, како и атмосферска кан.мрежа Ø 300 мм во фаза на реализација по улица Жил Верн.

ул. Лазар Личеновски бр.9, 1000 Скопје
Тел. 02 3240 300, Контакт центар 02 3073 010
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО
за Скопје

од кои може да се види опфатот за проект за инфраструктура во однос на постоечката градска хидротехничка инфраструктура, од која се гледа дека се јавува вкрстување на истите за што е потребно при проектирањето да се изврши усогласување според условите дадени во напомената и воедно да се добие потврда од „Служба за катастар" при „Сектор за технички работи и развој" на ЈП „Водовод и канализација" Скопје.

Што се однесува до прикажување на предвидена хидротехничка инфраструктура на предметниот локалитет, ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на важечки Детални Урбанистички Планови за предметниот локалитет и изработени Основни Проекти за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Кисела Вода и секако решенијата од ГУП на Град Скопје.

НАПОМЕНА:
Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др.инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации" на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60м. односно 1.00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.

- Минимално растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од Ø 500 мм. а предвиден со ГУП на град Скопје-водоводен и канализационен систем да изнесува 5.0 м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø 500 мм. да изнесува 6.0 м.

НАПОМЕНА: Просторните податоци за линиските хидротехнички објекти имаат важност 6 месеци од денот на издавањето.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Рецепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Провериł:

М-р Хариклија Пърчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ


Бр. 1302-4649/1
10.01.2022 год.
ЛЕГЕНДА:
1:1,000
Постоечка водоводна мрежа
Постоечка атм. кан. мрежа
Постоечка фек. кан. мрежа
Предвидена водоводна мрежа по ГУП
Предвидена атм. кан. мрежа по ГУП
Водводна мрежа во фаза на реализација
Атмосферска кан. мрежа во фаза на реализација
f300pp
1400/1200
ф500

ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
број number 1302 1771/2
Дата date 10 -06- 2022
СКОПЈЕ - SHKUP

До: ГЕИНГ Крабс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО
бул.Борис Трајковски бр.111
1000 Скопје

Предмет: наш бр.1302-1771/1 од 31.05.2022 год.
Дата: 06.06.2022 год.

VO

ПРЕДМЕТ: Одговор по Ваше барање мислење **по однос на постапка за одобрување на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на ул.„Есенинова" од Ш007 до Т3 Град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 Општина Кисела Вода.**

Почитувани/и,

Во врска со Вашето барање бр.12-36/26 од 27.05.2022 година заведено кај нас под бр.1302-1771/1 од 31.05.2022 година со кое ни доставувате ажурирана геодетска подлога. Ве известуваме дека по разгледување на доставената документација констатираме дека:

Во целост треба да се постапи по Издадените од наша страна Податоци и информации бр.1302-4549/2 од 10.01.2022 година.

Сепак сакаме да нагласиме:

Пред отпочнување на работите за ископ, изведувачот на објектот да побара стручно лице од ЈП "Водовод и канализација" од областа на одржување на мрежите Сектор водовод и Сектор канализација, кое на лице место заедно со раководителот на објектот ќе ја покаже местоположбата на водоводната и друга мрежа и ќе се утврдат постојните приклучоци на мрежата.

Во колку при изведувањето на работите настане дефект на водоводната фекалната мрежа и куќните приклучоци, трошоците за поправка на истите ги сноси причинителот на штетата.

Не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и приклучоци, освен при нивно вкрстување.

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за квалитетен живот и користење обновливи извори
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО
за Скопје

При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони и други инсталации со уличен водовод, фекална и атмосферска канализација и приклучоци, минималните растојанија меѓу нив се регулираат со "условите за полагање на електрични, ПТТ кабли и топлификациони вреловоди" на соодветните комунални организации, но не помалку од 0.6м, односно 1.00м од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација.

При вкрстување на цевки од уличен водовод, фекална и атмосферска канализација и приклучоци со електрични, телефонски, топлификациони и др. инсталации, минималното вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува 0.5м.

Особено да се обрне внимание на предвидените лири на новопредвидениот топловод.

Ве известуваме дека се согласуваме со прикажаните решенија.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Рецепаги

Доставено до:
- Именуваниот
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrje Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

2001 – SM/1
1. -01- 2022

До

ГЕИНГ ДОО, Скопје

Ул. Борис Трајковски бр.III, Скопје 1000

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ГЕИНГ ДОО Скопје

Примено: 0 9 -02- 2022			
Орг. Едн.	Број	Прилог	Вредност
12-	36/9		

Предмет: Одговор на барање

Во врска со вашето барање од 21.12.2021 година и број на постапка 40027 од е-урбанизам, со кое барате податоци и информации и мисленье, а кои Ви се потребни за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и Општина Кисела Вода, Ве известуваме за следното:

По разгледување на Вашето барање и приложената ситуација, Ве известуваме дека Проектниот опфат се граничи со железничката пруга Скопје-Велес на км. 450+300.

При реализација на горенаведениот проект ве информираме дека треба да се почитуваат одредбите од Законот за железнички систем (Службен Весник на Р.Македонија бр. 48/10 и неговите измени и дополнувања) и законот за сигурност во Железнички систем (службен весник на Р. Македонија бр. 48/10 и неговите измени и дополнувања) во однос на заштитното растојание на објекти од железничка пруга.

Со почит,

Пом. Директор за пруги

Driton Rusi

Изработил: Гоко Ефремовски д.г.и

Согласен: Мизајан Тилиќ, д.г.и.

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ГЕИНГ ДОО Скопје
Примено: 27-06-2022
Орг. јед. | Број | Прилог | Вредност
12 - 36/36

2001-2486/2
27-06-2022

До: **"ГЕИНГ" ДОО**

ул.Борис Трајковски бр.111 Скопје

Предмет: Одговор на барање

Во врска со вашето барање бр. 12-36/26 од 27.05.2022год и број на постапка 43496 од е-урбанизам, со кое барате мислење за изработка на **" Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и Општина Кисела Вода"**, ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје, Ви ги дава следните информации:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека на проектниот опфат на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

ЈП за Железничка Инфраструктура, Железници на РСМ-Скопје нема забелешки на истиот.

Со почит,

Пом. Директор за приеми

Driton Rusi

Изработил:Борис Огњанов, д.г.и.

Согласен: МихајлоТилиќ, д.г.и.

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

22. 11 2022

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 -11426/2

ДО: "ГЕИНГ" - ДОО
Бул. Борис Трајковски, бр.111 СКОПЈЕ

Друштво за градежништво, трговија и услуги
ГЕИНГ ДОО Скопје
Примено: 15 -12- 2022
Орг. един. | Број: 12 -30/57 | Прилог | Вредност

ПРЕДМЕТ: Одговор

Почитувани,

Во врска со вашето барање мислење под број 12-36/26 од ден 27.05.2022 година, по однос на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба не секундарен тополовод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и општина Кисела Вода.
Секторот за регистрирање, управување, унапредување и продажба на земјоделско земјиште при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не може да даде податоци и информации.

За да може да одговориме на вашето барање, потребно е истото да го дополните со следната документација:
-Список на индикации за катастарските парцели (земјоделско земјиште) кои влегуваат во планираниот опфат.

Со почит,

Помошник Раководител на Сектор
Адиљ Алиу

Изработил: Стевче Тополчанец
Контролирал: Анѓа Симоновска
Одобрил : Розе Димовска

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Република Северна Македонија
Ул. „Кнегиња Гинка" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Друштво за трговијаство, промет и услуги
ГЕИНГ ДОО Скопје
Примено: 18-07-2022
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
12 - 36/41

ДО

ГЕИНГ ДОО
ул. „Борис Трајковски" бр. 111
1000 Скопје

Бр 08 – 1503/2
17.06.2022 година
Скопје

Предмет: Доставување податоци и информации
Врска: 12 – 36/26 од 27.05.2022 година

Во врска со вашето барање за изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есеникова, Град Скопје и Општина Кисела Вода,** Управата за заштита на културно наследство врз основа на доставената и постојана документација, констатира дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор,
Аријан Аслани

Изработил: м-р А. Илиевски
Проверил/Одобрил: м-р Е. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје, П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

ГЕИНГ ДОО
Друштво за градежништво, промет и услуги
Борис Трајковски бр. 111, Скопје, Македонија
Тел./факс: + 389 (0)2 3109 795, 3246 281
geing@geing.com.mk I www.geing.com.mk

Текстуален дел

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА
БАЛКАН ЕНЕРГИ ДОО
Бр. 03-1774
17.12.2021
Скопје

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и Општина Кисела Вода

ПРЕДМЕТ НА ИЗРАБОТКА

Цел на оваа проектна програма е за изработка Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и Општина Кисела Вода.

Урбанистичкиот проект за инфраструктура треба да се изработи согласно чл. 58 став (2) точка 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/2020) и треба да содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи.

ОПФАТ НА ПРОЕКТНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Проектниот опфат на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и Општина Кисела Вода, започнува од новопроектирана шахта Ш055 на постоен предизолиран топловод Ц1.020.180 со димензија DN 400. Димензијата на новиот топловод е DN 200/ Da 315 и со оваа димензија топловодот е предвидено да се изведе по целата траса предвидена со фаза 1, односно до новопроектирана шахта Ш010, со вкупна должина од сса. 127 m'.

Во новопроектирана шахта Ш006 вдолж трасата на топловодот DN 200/ Da 315, предвиден е дополнителен секундарен топловод со димензија DN 80/ Da 160 со предизолирани челични цевки со должина од сса 42,92 m', кој завршува во шахта Ш007, која претставува место за приклучување на постоечките и објектите предвидени за изградба во северната страна на ДУП за ГЧ Ј 12.

ПРОГРАМСКИ БАРАЊА НА ИНВЕСТИТОРОТ

А. Општи Барања

Урбанистичкиот проект за инфраструктура треба да се изработи согласно методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/2020) и во согласност со подзаконскиот акт кој произлегува од него – Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/2020) и треба да содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи.

Урбанистичкиот проект за инфраструктура се изработува на **ажурирана геодетска подлога, изработена и заверена од лиценцирана геодетска фирма.**

Сите потребни надземни и подземни градби во рамките на планскиот опфат треба да бидат евидентирани на ажурирана геодетска подлога во документацискта основа на проектот. Урбанистичкиот проект за инфраструктура треба да содржи проектно решение за постојната и планираната инфраструктура вдолж трасата и истата ќе биде усогласена со новопланираната траса.

Техничкото решение треба да биде усогласено со постоечките инсталации. Урбанистичкиот проект за инфраструктура ќе ги прикаже попречните пресеци и потребните приклучоци кон постоечките инфраструктурни системи.

При изработка на Урбанистичкиот проект за инфраструктура ќе се прибават потребните податоци и информации од јавни претпријатија и органи на власт согласно чл. 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/2020).

Б. Посебни барања

При планирањето да се почитуваат просторните ограничувања од постоечките околни објекти.

- При проектирањето потребно е да се задоволат следните барања:
- При проектирањето да се почитува постоечката состојба на терен

При проектирањето треба да се земат во предвид следните документи:

- Проектна програма;
- Извод од ДУП за предметниот опфат;
- Изводи од подземни инсталации од јавните институции
- Геодетски елаборат за извршени геодетски работи за посебни намени - ажурирани геодетски подлоги од страна на лиценцирана фирма за катастар, заведен во Агенција за катастар на недвижности

Потребната техничка документација треба да се достави во: 4 примероци во хартиена форма и 2 CD-а во електронска форма.

Инвеститор:
Дистрибуција на топлинска Балкан Енергии ДООЕЛ - Скопје

(потпис)

ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода, се изработува согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.32/2020) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/2020).
Постапка за изготвување на **Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода**, е покрената по барање на Инвеститорот Балкан Енерџи ДООЕЛ и треба да овозможи изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода.

Согласно проектната програма предмет на изработка е техничка документација на ниво на Урбанистички проект за инфраструктура за линиски инфраструктурни градби во рамките на урбанистичка планска документација за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода.

Предметната локација за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода, е опфатена во рамките на опфат кој е дефиниран со точки по X и Y оската во урбанистичкиот проект за инфраструктура:

- Најзападна е точката со координати X = 4648998,35 и Y = 7536936,99
- Најсеверна е точката со координати X = 4649021,66 и Y = 7537008,96
- Најјужна е точката со координати X = 4648947,15 и Y = 7536987,66
- Најисточна е точката со координати X = 4649018,52 и Y = 7537024,56

Границата на поширокиот опфт за снимање на ажурираната подлога е опишана со прекршните точки дадени во табелата подолу со следните X и Y координати:

Бр.	Y [м]	X [м]
1	7536933,91	4648961,06
2	7536925,73	4648957,90
3	7536938,16	4648921,41
4	7536940,69	4648922,30
5	7537004,51	4648946,21
6	7536982,08	4648993,43
7	7536994,24	4648999,15
8	7536995,10	4648997,33
9	7537015,68	4649007,02
10	7537016,58	4649005,12
11	7537040,84	4649016,25
12	7537032,21	4649034,57
13	7537003,79	4649021,47
14	7537002,93	4649023,30
15	7536966,47	4649006,13
16	7536966,12	4649007,21
17	7536918,88	4648991,02
18	7536920,35	4648986,51

19	7536958,83	4649000,16
20	7536982,56	4648948,66
21	7536943,98	4648934,21

Проектниот опфат на урбанистички проект за инфраструктура изнесува **212.30**м².

Координати во надлежност на Град Скопје

Координати од почетна точка Од ТА (Ш055) стационажа 0+000.00 km до граница на регулација на ГУП со точки 8 и 44.

1. X=4649020.2314 Y=7537022.8784
2. X=4649018.5216 Y=7537024.5627
3. X=4649016.4825 Y=7537022.5006
4. X=4649017.0702 Y=7537021.8844
5. X=4649012.3446 Y=7537011.8517
6. X=4649019.9319 Y=7537008.278
7. X=4649015.4987 Y=7536998.8661
8. X=4649014.9408 Y=7536997.6816
44. X=4649016.1169 Y=7536997.1277
45. X=4649016.5031 Y=7536997.9475
46. X=4649021.6619 Y=7537008.9001
47. X=4649014.0746 Y=7537012.4738
48. X=4649018.1891 Y=7537020.8131
49. X=4649020.2314 Y=7537022.8784

Координати од почетна точка граница на регулација на ГУП со точки 28 и 39 кај ТЕ стационажа 0+016.45 km до точка ТF (Ш007) стационажа 0+042.93 km.

28. X=4649001.405 Y=7536962.4953
29. X=4649003.6504 Y=7536956.8114
30. X=4649001.207 Y=7536949.6467
31. X=4648997.8204 Y=7536939.7105
32. X=4648996.8579 Y=7536940.0388
33. X=4648996.0832 Y=7536937.7672
34. X=4648998.3548 Y=7536936.9925
35. X=4648999.1295 Y=7536939.2641
36. X=4648998.464 Y=7536939.491
37. X=4649001.8506 Y=7536949.4272
38. X=4649004.294 Y=7536956.5919
39. X=4649001.6245 Y=7536963.1391

Координати во надлежност на Општина Кисела Вода

Координати од почетна точка граница на регулација на ГУП со точки 8 и 44 кај ТВ стационажа 0+033.00 km до граница на регулација на ГУП со точки 28 и 39 кај ТЕ стационажа 0+016.45 km.

08.	X=4649014.9408 Y=7536997.6816
09.	X=4649013.9861 Y=7536998.1314
10.	X=4649012.7077 Y=7536995.4173
11.	X=4649013.6625 Y=7536994.9676
12.	X=4648999.6612 Y=7536965.2418
28.	X=4649001.405 Y=7536962.4953
39.	X=4649001.6245 Y=7536963.1391
40.	X=4649000.3851 Y=7536963.728
41.	X=4649014.8386 Y=7536994.4137
42.	X=4649015.6027 Y=7536994.0538
43.	X=4649016.881 Y=7536996.7678
44.	X=4649016.1169 Y=7536997.1277

Координати од почетна точка граница на регулација на ГУП со точки 28 и 39 кај ТЕ стационажа 0+016.45 km до точка ТС (Ш010) стационажа 0+127.07 km.

12.	X=4648999.6612 Y=7536965.2418
13.	X=4648997.8869 Y=7536966.0776
14.	X=4648988.9025 Y=7536970.1988
15.	X=4648989.1657 Y=7536970.7578
16.	X=4648986.9945 Y=7536971.7805
17.	X=4648986.7739 Y=7536971.312
18.	X=4648950.5754 Y=7536988.362
19.	X=4648950.7922 Y=7536988.8222
20.	X=4648948.2591 Y=7536990.0153
21.	X=4648947.1512 Y=7536987.6631
22.	X=4648949.6843 Y=7536986.47
23.	X=4648950.0215 Y=7536987.1859
24.	X=4648986.2199 Y=7536970.1359
25.	X=4648985.8014 Y=7536969.2474
26.	X=4648987.9726 Y=7536968.2247
27.	X=4648988.2032 Y=7536968.7142
28.	X=4649001.405 Y=7536962.4953
39.	X=4649001.6245 Y=7536963.1391
40.	X=4649000.3851 Y=7536963.728

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.32/2020), и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/2020)и согласно Законот за градење(Сл.весник бр.244/19, 18/20 и 279/20) со почитување на Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16).

Урбанистичкиот проект за инфраструктура, во овој регион ги зацртува основните правци на просторниот развиток на општината, со цел да се постигне оптимална просторна организираност и функционална опременост на просторот за одреден временски период.

Потребно е проектната документација да се вклопи во постојниот контекст и опкружување.

Урбанистичкиот проект за инфраструктура има крајна цел преку:

- максимално вклопување на инфраструктурата со теренот
- почитување и заштита на правото на човекот на работа
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина
- вградување мерки за заштита и спасување
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањетои

  проектрањето
- почитување на законските прописи за дадената намена да ги утврди параметрите кои се потребни за изработка на основни проекти на линиската инфраструктурна градба, како и да ги утврди Условите за реализација на проектот за инфраструктура.

Проектната локација за која се работи **Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода,** е градежно изградено земјиште, но поради зголемена густина на население и изградба на нови, административни и други објекти има потреба од изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода.

Просторот треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби на самата општина и неговото опкружување.

Потребно е целосно уредување на просторот на планскиот опфат и обезбедување на потребните функции.

За просторот потребно е осовременување на инфраструктурните системи и дополна со комунална инфраструктура со што потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи;

Од сите овие аспекти потребно е да се пристапи кон изготвување на урбанистичико- проектна документација **– Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода.**

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Според Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр.32/2020) Урбанистички проектот за инфраструктурата содржи текстуален дел и графички прилози и ја прикажува трасата на инфраструктурата и истиот се изработува врз основа на извод од урбанистичките планови.

Користејќи ја ажурираната геодетска подлога изработена од овластена фирма изработен е урбанистички проект за инфраструктура согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/2020).

Урбанистичкиот проект за инфраструктура е изработен согласно:

- Проектна програма за изработка на урбанистички проект за инфраструктура.,
- Геодетски елаборат за извршени геодетски работи за посебни намени - ажурирани геодетски подлоги од страна на лиценцирана фирма за катастар, заведен во Агенција за катастар на недвижности,
- Постојна урбанистичка документација и постоечката состојба на терен.
- Податоци, информации и Мислења добиени од органи на државната управа и други субјекти.
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Увид на лице место од страна на стручни лица,

Урбанистичкиот проект за инфраструктура содржи:

- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комуналнаинфраструктура;
- Анализа на досегашната урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој.

Проектот се изработува согласно

- Извод од план број 13-8739/2, ДУП реон J четврт J12, одлука бр. 07-125/9 од 15.10.2013 година.
- Извод од план број 13/2020, ГУП на Град Скопје (2012-2020год.), одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012 година.

Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од **212.30м²**.

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.

Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на директен увид на теренот. При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно изграден но треба програмски да се осмисли и доиспланира за реалните потреби на самата Општина, населеното место и неговото опкружување.

На геодетската подлога, изработена од овластена фирма, ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

Од постојната состојба може да се забележи дека има постојна улица, асфалт 14.36м² односно 6,76%, постоен тротоар - асфалт 54.47м², а останатиот дел од проектниот опфат е неизградено земјиште 143.47м² односно 67.58%.

Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат постојна состојба				
постојна улица - асфалт	14.36	м²	6.76	%
постоен тротоар - асфалт	54.47	м²	25.66	%
неизградено земјиште	143.47	м²	67.58	%
вкупно	212.30	м²	100	%

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, ГРАДБИ ОД КУЛТУРНО – ИСТОРИСКО ЗНАЧЕЊЕ И КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ (ЗАШТИТНО – КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ)

Развојот на светската култура и цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскнот народ низ векови на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ

Во однос на постојната сообраќајна мрежа, Јавното претпријатие за државни патишта арх. бр. 10-13065/2 од 30.12.2021г. констатира дека низ приложениот плански опфат не поминува и не се граничи со државен пат. Дописот е приложен во општиот дел од Урбанистичкиот проектот за инфраструктура.

ВОДОВОДНА МРЕЖА

Согласно добиените податоци, ЈП Водовод и канализација - Скопје арх. бр.1302-39/1 од 10.01.2022г. во планираниот проектен опфат има постојна водоводна мрежа. Дописот е приложен во општиот дел од Документационата основа од Проектот за инфраструктура.

АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА МРЕЖА

Согласно добиените податоци, ЈП Водовод и канализација - Скопје арх. бр.1302-39/1 од 10.01.2022г. во планираниот проектен опфат има постојна фекална канализациона мрежа. Дописот е приложен во општиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ

Согласно добиените податоци Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со бр.10-55/2-535 од 29.12.2021г, во планираниот проектен опфат има постојни електро енергетски инсталации, и тоа 10(20)kV подземна мрежа, 10(20)/0.4kV трафостаница, 0.4kV подземна мрежа, 0.4kV Надземна мрежа и низ опфатот поминува подземен новопланиран среднонапонски вод. Дописот е приложен во општиот дел а трасите се инвентаризирани во графичкиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

АД Мепсо Скопје арх.бр. 11-177/1 од 13.01.2022 планираниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти кои се во сопственост на АД МЕПСО. Дописот е приложен во општиот дел а трасите се инвентаризирани во графичкиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА

Согласно добиените податоци, Агенција за електронски комуникации – АЕК арх. бр.1404-1146/2 од 08.04.2022г во планираниот проектен опфат има оптички, бакарни инсталации, постоен канал и коаксиеален кабел. Дописот е приложен во општиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

Согласно добиените податоци од Македонски Телеком АД Скопје, бр. 40188 од 11.01.2022г. во границите на планскиот опфат има постојни инсталации и постојна ТК канализација. Дописот е приложен во општиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

ВРЕЛОВОДНА МРЕЖА

Согласно добиените податоци, Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје арх. бр. 03-3552 од 28.12.2021г. постои дистрибутивна мрежа со која управува Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ. Дописот е приложен во општиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

ГАСОВОДНА МРЕЖА

Согласно добиените податоци, НЕР Скопје, со арх. бр. 03-3847/2 од 30.12.2021г. во планираниот проектен опфат нема изградено и нема планирано гасоводна мрежа. Дописот е приложен во општиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НАУРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

Проектниот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Проектната програма. Проектниот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен проекнтиот концепт. Проектниот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

Целта на проектниот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидената градба во функционална целина со естетска препознатливост.

Предметната локација за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода, е опфатена во рамките на опфат кој е дефиниран со точки по X и Y оската во урбанистичкиот проект за инфраструктура:

- Најзападна е точката со координати X = 4648998,35 и Y = 7536936,99
- Најсеверна е точката со координати X = 4649021,66 и Y = 7537008,96
- Најјужна е точката со координати X = 4648947,15 и Y = 7536987,66
- Најисточна е точката со координати X = 4649018,52 и Y = 7537024,56

Границата на поширокиот опфт за снимање на ажурираната подлога е опишана со прекршните точки дадени во табелата подолу со следните X и Y координати:

Бр.	Y [м]	X [м]
1	7536933,91	4648961,06
2	7536925,73	4648957,90
3	7536938,16	4648921,41
4	7536940,69	4648922,30
5	7537004,51	4648946,21
6	7536982,08	4648993,43
7	7536994,24	4648999,15
8	7536995,10	4648997,33
9	7537015,68	4649007,02
10	7537016,58	4649005,12
11	7537040,84	4649016,25
12	7537032,21	4649034,57
13	7537003,79	4649021,47
14	7537002,93	4649023,30

15	7536966,47	4649006,13
16	7536966,12	4649007,21
17	7536918,88	4648991,02
18	7536920,35	4648986,51
19	7536958,83	4649000,16
20	7536982,56	4648948,66
21	7536943,98	4648934,21

Проектниот опфат на урбанистички проект за инфраструктура. Изнесува **212.30м².**

Во опфатот е предвидена изградба на инфраструктурен објект со група на класа на намена **Е1.7 -** Топловоди и пароводи: цевководи за транспорт на топла вода, пумпни станици и шахти за топловоди, цевководи за пареа и пратечки станици, постројки и шахти. (дефинирањето е според Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање - Сл. Весник на РСМ бр225/2020):

Нумерички показатели за сите урбанистички параметри

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМАЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ					
	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНИ	ВИД НА ГРАДБА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	
1.	Е1.7 - топловод	ТА (Ш[illegible]) - град Скопје	7.00	10.07	%
2.	Е1.7 - топловод	топловод од ТА(Ш007) до ТВ - град Скопје	38.9	57.40	%
3.	Е1.7 - топловод	топловод од ТЕ до ТР(Ш007) - град Скопје	16.83	24.24	%
4.	Е1.7 - топловод	топловодна шахта ТР (Ш007) - град Скопје	5.76	8.29	%
		град Скопје	69.01	100.00	%
5.	Е1.7 - топловод	топловод од ТВ до планирана шахта Ш005 - Општина Кисела Вода	1.15	0.81	%
6.	Е1.7 - топловод	планирана шахта Ш005 - Општина Кисела Вода	8.8	6.20	%
7.	Е1.7 - топловод	топловод од шахта Ш005 до ТЕ и ТО(Ш006) - Општина Кисела Вода	65.02	45.24	%
8.	Е1.7 - топловод	ТЕ (Ш006) - Општина Кисела Вода	6.73	4.71	%
9.	Е1.7 - топловод	ТВ (Ш[illegible]) до ТЕ (Ш010) - Општина Кисела Вода	52.32	36.47	%
10.	Е1.7 - топловод	ТЕ (Ш010) - Општина Кисела Вода	7.28	5.10	%
		општина Кисела Вода	142.79	100.00	%
ПРОЕКТЕН ОПФАТ			212.30	100.00	%

ПЛАНИРАНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМ

Согласно добиените податоци Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со бр.10-55/2-535 од 29.12.2021г, во планираниот проектен опфат има постојни електро енергетски инсталации, и тоа 10(20)kV подземна мрежа, 10(20)/0.4kV трафостаница, 0.4kV подземна мрежа, 0.4kV Надземна мрежа и низ опфатот поминува подземен новопланиран среднонапонски вод. Дописот е приложен во општиот дел а трасите се инвентаризирани во графичкиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

АД Мепсо Скопје арх.бр. 11-177/1 од 13.01.2022 планираниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти кои се во сопственост на АД МЕПСО. Дописот е приложен во општиот дел а трасите се инвентаризирани во графичкиот дел од Урбанистички проектот за инфраструктура.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ

Цел на оваа проектна програма е за изработка урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и Општина Кисела Вода.

Урбанистичкиот проект за инфраструктура треба да се изработи согласно чл. 58 став (2) точка 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/2020) и треба да содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи.

Проектниот опфат на урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.040 на улица Есенинова, Град Скопје и Општина Кисела Вода, започнува од новопроектирана шахта ШО55 на постоен предизолиран топловод ц1.020.180 со димензија DN 400. Димензијата на новиот топловод е DN 200/ Da 315 и со оваа димензија топловодот е предвидено да се изведе по целата траса предвидена со фаза 1, односно до новопроектирана шахта Ш010, со вкупна должина од сса. 127 m'.

Во новопроектирана шахта Ш006 вдолж трасата на топловодот DN 200/ Da 315, предвиден е дополнителен секундарен топловод со димензија DN 80/ Da 160 со предизолирани челични цевки со должина од сса 42,92 m', кој завршува во шахта Ш007, која претставува место за приклучување на постоечките и објектите предвидени за изградба во северната страна на ДУП за ГЧ Ј 12.

Урбанистичкиот проект за инфраструктура треба да се изработи согласно методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/2020) и во согласност со подзаконскиот акт кои произлегува од него - Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/2020) и треба да содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи.

Урбанистичкиот проект за инфраструктура се изработува на ажурирана геодетска подлога, изработена и заверена од лиценцирана геодетска фирма.

Сите потребни надземни и подземни градби во рамките на планскиот опфат треба да бидат евидентирани на ажурирана геодетска подлога во документацискатa основа на проектот. Урбанистичкиот проект за инфраструктура треба да содржи проектно решение за постојната и планираната инфраструктура вдолж трасата и истата ќе биде усогласена со новопланираната траса.

Техничкото решение треба да биде усогласено со постоечките инсталации. Урбанистичкиот проект за инфраструктура ќе ги прикаже попречните пресеци и потребните приклучоци кон постоечките инфраструктурни системи.

При изработка на урбанистичкиот проект за инфраструктура ќе се прибаваат потребните податоци и информации од јавни претпријатија и органи на власт согласно чл. 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/2020).

5. ОПШТИ УСЛОВИ

Со овие услови:

5.1.1. Се определуваат условите и мерките за спроведување на замислите и ставовите на **Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода**.

5.1.2. Овие услови се применуваат во сите фази на разработка и реализација на **Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на секундарен топловод со ознака Ц1.020.180.045 на улица "Есенинова" од Ш007 до Т3 - град Скопје и од Т3 до Ш055 и Ш010 - Општина Кисела Вода.**

Условите ќе се применуваат во границите на проектниот опфат на урбанистички проект.

5.1.3. Составен дел на овие услови се графичките прилози во Р=1:1000 и текстуален дел, кои имаат правни дејности само врз градителска активност која ќе уследи по стапување во сила на урбанистичкиот проект за инфраструктура.

5.1.4. Во граници на урбаниот опфат за кој проектот се однесува одредено е земјиште за изградба на објект со класа на намена – Е1.7 - Топловоди и пароводи: цевководи за транспорт на топла вода, пумпни станици и

5.1.5. шахти за топловоди, цевководи за пареа и пратечки станици, постројки и шахти.

5,1.5. Во зависност од реалните можности и потенцијали за управување со отпад во пошироко подрачје на локацијата, ќе се следи на современата хиерархија на ЕУ за управување со отпад, со можност за искористување на рециклабилните фракции.

5.1.6. При примена на урбанистички проект за инфраструктура. за се што не е дефинирано со овие Параметри ќе се применуваат стандардите и нормативи утврдени со Правилникот за урбанистичко планирање - Сл. Весник на РСМ бр225/2020).

5.2 ПОСЕБНИ УСЛОВИ

5.2.1 Посебните услови за градење во оваа урбанистичко-проектна документација се однесуваат на површините за градба во рамките на Урбаниот опфат и тоа:

Границата на проектен опфат се утврдува од Правилникот за урбанистичко планирање - Сл. Весник на РСМ бр225/2020).

5.2.2 Вкупната површина на проектниот опфат изнесува **212.30м²**

- Е1.7 - Топловоди и пароводи: цевководи за транспорт на топла вода, пумпни станици и шахти за топловоди, цевководи за пареа и пратечки станици, постројки и шахти.

КОРИДОР: Површина за градба (ТА (Ш055) - град Скопје)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 7,00*м²
Процент на изграденост: 10,07%

КОРИДОР: Површина за градба (топловод од ТА(Ш055) до ТВ - град Скопје)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 39,9*м²
Процент на изграденост: 57,40%

КОРИДОР: Површина за градба (топловод од ТЕ до ТF(Ш007) - град Скопје)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 16.85*м²
Процент на изграденост: 24,24%

КОРИДОР: Површина за градба (планирана шахта ТF (Ш007) - град Скопје)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 5,76*м²
Процент на изграденост: 8,29%

КОРИДОР: Површина за градба (топловод од ТВ до планирана шахта Ш005 - Кисела Вода)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 1.15*м²
Процент на изграденост: 0,81%

КОРИДОР: Површина за градба (планирана шахта Ш005 - Кисела Вода)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 9,6*м²
Процент на изграденост: 6,72%

КОРИДОР: Површина за градба (топловод од шахта Ш005 до ТЕ и ТD(Ш006) - Кисела Вода)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 66,02*м²
Процент на изграденост: 46,24%

КОРИДОР: Површина за градба (ТD (Ш006)-Кисела Вода)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 6,72*м²
Процент на изграденост: 4,71%

КОРИДОР: Површина за градба (ТD (Ш006) доТС (Ш010) - Кисела Вода)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 52,02*м²
Процент на изграденост: 36,43%

КОРИДОР: Површина за градба (ТС (Ш010) - Кисела Вода)
Класа на намена: Е1.7
*Површина за градба: 7,28*м²
Процент на изграденост: 5,10%

При изработка на основниот проект потребно е почитување на сите наводи од Елаборатот за оценка на влијание на објектот врз животната средина за кој е потребно добивање мислење од страна на Управа за животна средина. При изработка на проектна документација се применуваат следниве закони и подзаконски акти:

-Закон за заштита на животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16).

-Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух (Сл.Весник на РМ бр.67/2004, 92/2007, 35/2010, 47/2011, 59/2012, 100/2012, 163/2013, 10/2015 и 146/2015)

-Закон за управување со отпад(Сл.Весник на РМ бр. 09/11-пречистен текст, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16)

-Закон за води(Сл.Весник на РМ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016)

-Закон за заштита на природата(Сл.Весник на РМ бр. 67/2004; 14/2006; 84/2007; 35/2010; 47/2011; 148/2011; 59/2012; 13/2013; 163/2013; 41/2014; 146/2015, 39/2016 и 63/2016)

-Закон за заштита од бучава во животна средина (Сл. Весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15)

-Правилник за максимално дозволени концентрации на количества и за други штетни материи што можат да се испуштат во воздухот од одделни извори на загадување (Сл.Весник на РМ бр.3/90)

-Уредба за класификација на водите(Сл.Весник на РМ бр.18/99)

-Уредба за спроведување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина(Сл.Весник на РМ бр.74/05, 109/09)

5.2.3. При депонирање на некоја супстанца кое што би предизвикало испуштање на загадувачки материи во подземните води, претходно мора да се изврши испитување на хидрогеолошки услови на соодветна област и да се предвидат и спроведат сите неопходни технички мерки на претпазливост.

5.2.4. Доколку при уредување на просторот се дојде до сознанија за природно наследство кое може да биде загрозено потребно е да се предвидат и превземат соодветни мерки за заштита бо согласност со - Закон за заштита на природата (Сл.Весник на РМ бр. 67/2004; 14/2006; 84/2007; 35/2010; 47/2011; 148/2011; 59/2012; 13/2013; 163/2013; 41/2014; 146/2015 и 39/2016 и 63/16)

5.2.5. Согласно член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник на РМ бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16) ако во текот на изведување на градежни работи се дојде до археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен да го пријави откритието, да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување а откриените предмети да ги зачува во состојба во којасе најдени.

5.2.6. Во фаза на експлоатација се препорачува мониторинг на квалитетот на почвата околу трасата, заради навремено воочување на евентуалните дефекти и спречување на пренесување на органски супстанци во останати медиуми на животната средина.

5.2.7. Да се планира изведба на современа инфраструктура и современи технологии во изведба на објектите.

5.2.8. Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиенти и пејсажи во предвидениот простор.

5.2.9. Превземање на сите можни законски пропишани мерки за заштита од несакани загадувања на почвата. При евентуалните нарушувања на животната средина, создавачот или поседувачот на отпадните материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација.

5.2.10. Задолжителна е примена на нормативно-правна регулатива со која се уредени постапките, условите и барањата за постигање на технички конзистентен и економски одржив степен на сеизмичка заштита кај изградба на објектите.

5.2.11. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;

5.2.12. Согласно ЕВН Македонија АД, при постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат потребно е да се контактира најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирање на активностите во предметниот опфат.

При инвентаризација на постојните електроенергетски објекти и инфраструктура запазени се законските прописи и работни норми, предвидени се заштитни појаси согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во проектниот опфат е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Во предметниот опфат не е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура.

5.2.13. Согласно ЈП Водовод и Канализација Скопје не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациски, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната, водовдна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

5.2.14. Согласно Балкан Енерџи ДООЕЛ доколку при изведувањето на работите се јави

потреба од дислокација на постоечката топловодна мрежа, Инвеститорот е должен да поднесе барање за Решение за дислокација на дел од дистрибутивната мрежа. Градежните работи може да отпочнат по верификување на проектната документација за дислокација на топловод и потпишување на Договор за дислокација. Трошоците за изработка на проектна документација и дислокација ги сноси барателот.

Доколку при изведувањето на работите дојде до оштетување на вреловодот, трошоците за санација на настанатата штета и прекинот на испорака на топлинска енергија ги сноси причинителот на штетата.

Во предметниот опфат не е потребна промена или дислокација на топловодна мрежа.

5.2.15. Согласно Агенција за електронски комуникации при градба и паралелно водење, вкрстување или приближување на линиските инфраструктурни градби со електронски комуникациски кабли и објекти, потребно е да се применуваат пропишаните услови од Правилникот за начинот на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства (Сл. Весник на РМ бр. 106/2014 и 170/2016).

Во предметниот опфат не е потребна промена или дислокација на електронски комуникациски мрежи.

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

6.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Последниве години концептот на заштита на животната средина во планирање се базира на превентивен пристап односно вклучување на еколошки фактори во донесување на планско-инвестициона одлука.

За состојбата на животната средина карактеристично е:

- нарушување на квалитетот на воздухот, водата и земјиштето, особено заради сообраќајот, употреба на фосилни горива и производни активности
